# Изјава за приватност

**Последно обновена: 11.01.2021 г.**

**СОДРЖИНА**

Кои сме ние ........ 2
Информации што може да нѝ ги дадете ........ 2-3
Друга лична информација што може да нѝ ја дадете........ 3
Информации кои ги добиваме од други извори ........ 4
Колачиња........ 4
Предавање на вашите лични податоци ........ 4-5
Каде ги чуваме вашите лични податоци ........ 5-6
Пристап, контрола и вашите права ........ 7
Политика за онлајн информации за деца ........ 7
Општа регулатива за заштита на податоците (ЕС) ........ 7-8
Калифорниски закон за приватност на корисниците ........ 8-9
LGPD – Бразил........ 9-11
LFPDPPP – Мексико ........ 11
Privacy Act – Австралија ........ 11
Промени во нашата изјава за приватност........ 11
Политика за разрешување на спорови........ 11-12
Контакт со нас ........ 12

***ПРАВНА ЗАБЕЛЕШКА:*** *со користење на кој било од вебсајтовите на Форевер Ливинг Продактс (подолу наречена „ФЛП“), кој ја содржи оваа Изјава за приватност, вие целосно ги прифаќате и се согласувате со процедурите опишани во неа.*

**Кои сме ние**

ФЛП, основана во 1978 год. со седиште во Скотсдејл, Аризона, е најголемиот производител, преработувач и распространувач на алое вера во светот. ФЛП работи во повеќе од 160 држави, има затворен производствен процес и го контролира секој чекор – од плантажите со алое, производствените капацитети, одделот за истражување и развој, пакувањето, транспортот и дистрибуцијата. Ексклузивната палета на производи на ФЛП им помогнала на милиони луѓе во светот да изгледаат и да се чувствуваат подобро. Повеќе информации за ФЛП може да најдете на http://www.foreverliving.com.

Прочитајте ја внимателно Изјавата за приватност за да ги разберете политиката и практиките за обработка на лични податоци и како ќе се грижиме за нив.

**Информации што може да нѝ ги дадете**

Може да ги собереме и обработиме личните податоци кои сте нѝ ги дале, за да ви обезбедиме најдобра можна услуга. Личните податоци што нѝ ги давате може да вклучат:

- Име и презиме
- Адреса
- Телефонски број
- Email
- Дата на раѓање
- Информација за плаќање (податоци за платежна картичка)
- Банкарска сметка
- ЕМБГ
- Личен опис
- Потпис/и
- Име на сопруг/сопруга
- Информација за сопруг/сопруга
- Снимки на телефонски разговори со компанијата
- Фотографија
- Други собрани лични податоци кои можат да ве идентификуваат директно или индиректно

Понекогаш собираме и обработуваме и други лични податоци и документи со лична информација за бизнис цели, на пример за обработка и исплаќање на бонуси. Вие нѝ ја давате оваа категорија на информација со извршување на конкретни дејства:

- Давање на молба за регистрација во ФЛП како сопственик на Форевер бизнис („СФБ“) или преференцијален клиент („ПК“) преку вебсајт на ФЛП или директно во канцеларијата на ФЛП;
- Порачка и купување на производи од вебсајт на компанијата;
- Учество во мотивациони програми, промоции или истражувања;
- Учество во интерактивен дел од вебсајт на компанијата како форуми, коментари или мислења за производи и/или услуги;
- Поднесување на барање за информација од вебсајт на компанијата;
- Известување за проблем со вебсајт на ФЛП; или
- Согласност за добивање на маркетинг материјали.

ФЛП се гордее што се придржува до применливите федерални, државни и локални закони и не ги споделува вашите лични податоци на други надворешни компании или продавачи освен за олеснување на процес поврзан со бизнисот, или за финансиски трансакции од ваше име.

За лични податоци доставени на трети лица, оваа Изјава за приватност се однесува за лична информација само откако ќе ја добиеме оваа лична информација.

**Друга лична информација што може да нѝ ја дадете**
За време на вашите посети на вебсајтовите на компанијата може да ја собираме следната информација:

- Техничка информација, вклучително интернет протокол (IP) адреса, од која вашиот уред се поврзува со интернет, информација за достап, вид и верзија на прелистувачот, поставки на времена зона, вид и верзија на додатоци на прелистувачот, оперативен систем и платформа;
- Информација за вашата посета, вклучително и целосна URL адреса, хронолошки список на посети (кликнувања) до, во и од нашиот вебсајт (вклучително дата и час), производите кои сте ги разгледале или барале за одредување на времето за вчитување на страници, грешки при преземање, времетраење на посета на одредени страници, информација за интеракција со страницата (прелистување, кликнувања, поминување со глувчето над елементите), методи за напуштање на страницата, телефонски броеви што се користат за контакт со нашиот број за услуги на клиенти и секоја мејл адреса користена за контакт со нас.

**Информација што ја добиваме од други извори**
Можно е да работиме во тесна соработка со трети страни (вклучително на пример бизнис партнери, подизведувачи на технички, платежни и курирски услуги, рекламни агенции, даватели на информација за аналитика и пребарување) и можно е да добиеме информација за вас од тие трети страни. Ние ќе ве известиме кога ќе добиеме информација за вас од нашите партнери и за која цел ќе ја користиме.

**Колачиња**
Колачињата се мали датотеки со информации испраќани од вебсајтовите и зачувани на компјутерот на корисникот од неговиот прелистувач  додека корисникот го разгледува сајтот, за да запомни информација (како производи додадени во кошницата на онлајн продавницата) или за да ја следи активноста на корисникот по разгледување на сајтот.

Менито “Помош/Help” на повеќето прелистувачи ќе ви даде информација како да спречите прелистувачот да прифаќа нови колачиња, како да ве информира кога ќе добие ново колаче или како целосно да ги деактивирате колачињата. Освен тоа можете да деактивирате или да избришете слични податоци што ги користат додатоците на прелистувачот, како Флеш колачиња, променувајќи ги поставките на додатокот на прелистувачот или ако го посетите сајтот на производителот.

Бидејќи колачињата ви дозволуваат да искористите некои од основните функционалности на вебсајтот на ФЛП, ви препорачуваме да ги оставите вклучени.

**Предавање на вашите лични податоци**
Информацијата за нашите корисници, СФБ или клиенти е важен дел од нашата деловна активност и ние не ја продаваме на други лица. Ние споделуваме лични информации само за целите опишани подолу и со нашите подружници. Вие давате согласност да ги предаваме вашите лични податоци за да ги спроведеме нашите деловни активности во следните случаи:

- **Внатрешно предавање на лични податоци**: ние ги чуваме и предаваме вашите лични податоци во рамките на нашите деловни единици доколку е потребно за да можеме ефикасно  да ги извршуваме нашите легитимни бизнис активности.

- **Бизнис цели**: ограничен дел од вашите лични податоци  може да биде споделен со други лица кои исто се дел од, или сакаат да се придружат на бизнис можноста што Форевер ја предлага (на пример името и моменталното СФБ ниво можат да бидат објавени во извештаи за наградување или да бидат ставени на располагање на СФБ ако сте дел од нивната мрежа надолу или нагоре). Ако ја прекратите регистрацијата во Форевер, личните податоци ќе бидат избришани и повеќе нема да бидат споделувани.

- **Трети страни, даватели на услуги:** најмуваме надворешни компании и поединци за вршење на активности од наше име. Примери за тоа се испраќање на информација по обична и електронска пошта, отстранување на повторувачка информација од списоците со клиенти, анализа на податоци, маркетинг услуги, обезбедување на резултати од пребарување и линкови, обработка на плаќања со картичка и услуги на клиенти. Овие даватели на услуги имаат пристап до личните информации што им се потребни за извршување на активност во согласност со нашите договорни односи, но не можат да ги користат за други цели.

- **Промотивни понуди:** ФЛП никогаш не ги продава, тргува или позајмува вашите лични податоци на неповрзани трети страни без ваша изрична согласност. Од време на време, ФЛП може да ви испраќа специјални понуди или промотивни материјали со цел: (1) да ве информира за други добра и услуги што ги нуди ФЛП, слични на оние што ги купувате или ве интересираат, или (2) да ве извести за промени во стоките и услугите. Секој има слобода да го откаже добивањето на овие промотивни понуди во секое време преку нашиот вебсајт, електронска пошта или по телефон на број 02 2465 846 и 02 2465826.

- **Заштита на ФЛП и другите**: доставуваме податоци за сметки и други лични податоци, кога сметаме дека е соодветно да ги доставиме во согласност со законите; кога е поврзано со исполнување на нашите услови за користење и други договори; или за заштита на правата, сопственоста или безбедноста на ФЛП, на нашите клиенти и други. Ова може да вклучува размена на информации со други компании и организации за заштита од измами и намалување на кредитниот ризик. Се разбира, ова не вклучува продажба, изнајмување, споделување или на друг начин откривање на лична информација за клиенти со комерцијални цели, во спротивност со обврските утврдени со оваа Изјава за приватност.

- **Со ваша согласност:** освен во случаите споменати погоре, ќе бидете известени кога информациите за вас може да бидат дадени на трети лица и ќе имате право на избор дали таа информација да биде споделена или не.

**Каде ги чуваме вашите лични податоци**

Ако вашите лични податоци се наоѓаат во странски ФЛП субјект, информациите што ги собираме од вас, може да ги чува и обработува персоналот во European Economic Area (“EEA”). Покрај тоа, информациите што ги собираме од вас може да бидат пренесени и складирани во САД, надвор од ЕЕА. Тие ќе бидат обработувани од персонал кој работи надвор од ЕЕА и се вработени во некој од нашите субјекти. Ова вклучува персонал ангажиран меѓу другото со исполнување на вашите порачки, обработката на вашите плаќања и обезбедува информативни услуги.

Во одредени случаи вашите податоци можеби ќе треба да се пренесат на други странски ФЛП субјекти, вклучително такви кои се наоѓаат во ЕЕА. Ако на пример го префрлите кодот за работа во друга држава по програмата за меѓународно спонзорирање, одредени податоци ќе бидат доставени на соодветните странски ФЛП субјекти, за да добивате парични компензации според маркетинг планот на ФЛП. Секоја информација за СФБ ќе се сподели со други странски ФЛП субјекти во согласност со сите применливи закони и одредби, вклучително, но не само закони и прописи за заштита на личните податоци и доверливост (како Општата регулатива за заштита на податоците (EU) № 2016/679).

Со давање на вашите лични податоци вие се согласувате со нивната обработка, складирање или трансфер од секој ФЛП субјект за сите легитимни бизнис цели.

Ги преземаме сите потребни мерки за да гарантираме дека: (1) вашите лични податоци се заштитени и се обработуваат во согласност со Изјавата за приватност и (2) записите што содржат ваши лични податоци се чуваат или уништуваат во согласност со нашата политика за Глобално чување на податоци. Чуваме лични информации само за периодот кој е неопходен за да ги извршиме услугите што ги барате и потоа за различни легитимни правни или бизнис цели. Периодот на чување се одредува од (1) законски одредби, договори или слични обврски потребни за извршување на нашата деловна активност; (2) за зачувување, решавање, заштита или спроведување на нашите законски/договорни права или (3) потребата од одржување на адекватна и точна деловна и финансиска евиденција.

Сите информации што нѝ ги доставувате се чуваат на безбедни сервери. Ние одржуваме широк спектар од програми, безбедност и проверки за заштита на вашите податоци. Сите трансакции со плаќање се енкриптирани преку Secure Sockets Layer (SSL) технологија. Ние го следиме стандардот PCI DSS (Payment Card Industry Data Security Standard) при ракување со податоци за кредитни картички. Онаму каде што ви дадовме (или сами сте избрале) лозинка за пристап до одредени делови на нашиот сајт, имате одговорност да ја чувате таа лозинка доверлива. Ве молиме да не ја давате на никого. Задолжително одјавувајте сè од профилот кога ќе завршите со користење на споделен компјутер.

За жал преносот на информации преку интернет не е целосно заштитен. Иако ќе правиме сè што е можно за да ги заштитиме вашите лични податоци, не можеме да ја гарантираме сигурноста на вашата информација испратена кон нашиот вебсајт; вие го преземате ризикот за секој таков пренос. Откако ќе ги добиеме вашите лични податоци, применуваме стриктни процедури и функционалности за заштита, за да спречиме неовластен пристап.

**Пристап, контрола и вашите права**
Ако сте си создале профил во процесот на регистрација, можете да прегледувате, ажурирате и бришете одредени лични податоци и информации за себе и вашите интеракции со ФЛП. Ако имате број за потврда на порачка, вие може да ја промените или ажурирате. Ако не можете сами да пристапите или да ги ажурирате своите лични податоци, секогаш можете да се поврзете со канцелариите на ФЛП за помош.

Доколку сакате да остварите некое од вашите права како субјект на податоците, ве молиме да нѐ известите преку информацијата за контакт во делот „Контакт со нас“ од оваа Изјава за приватност. За да го потврдиме вашиот идентитет, може да побараме да се идентификувате. Вие ги имате следните права:

- Право на пристап до информациите кои ги чуваме за вас.
- Право на исправка, префрлање, бришење, ограничување и приговор.
- Право да ја повлечете согласноста во секое време.
- Право да поднесете жалба пред надзорен орган.
- Право да бидете информиран за последиците при неуспехот да се обезбедат информации.
- Право да не бидете предмет на решение, засновано единствено на автоматска обработка.

Ако побарате бришење на вашите лични податоци и тие податоци се потребни за производите или услугите кои сте ги купиле, вашето барање ќе биде одобрено само до степен до кој не се однесува на купените услуги или не е потребно за нашите легитимни деловни цели или законски и договорни барања за водење на евиденција.

**Политика за онлајн информации за деца**
Веб-сајтовите на ФЛП не се предвидени за користење од лица под 18-годишна возраст. Не продаваме и не собираме лични податоци од лица под 18 години; и ниту еден од нашите веб-сајтови, акумулирани податоци (вклучително, но не само регистрација, порачки, маркетинг и контакти) не се предвидени, ниту треба да бидат користени од лица под 18-годишна возраст.

**Општа регулатива за заштита на податоците № 2016/679 (GDPR – EU)**
Покрај горенаведените обврски за приватност, поврзани со Општата регулатива за заштита на податоците (GDPR), ве молиме да имате предвид дека ФЛП се ангажира да обезбеди одлична услуга на клиентите, заштита на личните податоци и правото на приватност. Ако сте жител на Европската економска област (EEA) и сметате дека одржуваме ваши лични податоци, предмет на GDPR, можете да се поврзете со нас со конкретна жалба или молба за обезбедување на информации. Исто така, ако имате прашање, незадоволни сте од начинот на кој ФЛП постапува со вашите лични

податоци, или како ФЛП се справил со жалбата или барањето, имате право да поднесте жалба до надзорен орган.

Следете го линкот за да го пронајдете најсоодветниот надзорен орган во својата ЕЕА држава: https://edpb.europa.eu/about-edpb/board/members_en.

**Калифорниски закон за приватност на корисниците од 2018 г. (CCPA – California)**
Покрај горенаведените обврски за приватност, CCPA ги предлага следните специфики.

Право на барање пристап до, или бришење на лични податоци: според CCPA може да имате право да побарате информации за собирањето на ваши лични податоци од ФЛП, како и пристап до или бришење на личните податоци. Ако сакате да направите нешто од тоа, ве молиме да се поврзете со нас. Во зависност од вашиот избор за податоци, некои од услугите може да бидат ограничени или недостапни.

Може да побарате информации за собирање и употреба на вашите лични податоци во изминатите дванаесет (12) месеци. Откако ќе го добиеме и потврдиме вашето барање на корисник што може да се провери, ќе добиете од нас:

- Категориите лични податоци што ги собравме за вас.
- Нашата деловна или комерцијална цел за собирање на тие лични податоци.
- Категориите трети страни со кои ги споделуваме тие лични податоци.
- Конкретните податоци со кои располагаме за вас (наречено барање за преносливост на податоците).

Може да одбиеме барање за бришење на податоците ако нивното задржување е потребно за нас или за нашите даватели на услуги, за да можеме на пример:

- Да ја извршиме трансакцијата за која сме ги собрале личните податоци, да обезбедиме добра услуга што сте ја побарале, да преземеме активности разумно предвидливи во контекст на нашите тековни деловни односи со вас или на друг начин да го исполниме договорот со вас.
- Да откриваме безбедносни инциденти, да заштитуваме од злонамерна, измамничка или незаконска активност, или кривично да ги гониме одговорните лица.
- Да остваруваме права поврзани со слободата на говорот, да му овозможиме на друг корисник да ги остварува своите права за слобода на говорот, или да оствари друго свое законско право.
- Да овозможиме чисто внатрешна употреба, разумно усогласена со очекувањата на корисниците врз основа на взаемните односи со нас.

- Да се почитува законската обврска.
- Да ги користиме овие податоци на други внатрешни и законски начини, во согласност со контекстот во кој ги дадовте.

Без продажба на лични податоци: на дванаесетте (12) месеци пред датата на влегување во сила на оваа Изјава за приватност, ФЛП не продаде лични податоци на корисниците така, како што овие термини се дефинирани во CCPA.

Без дискриминација: ФЛП нема да дискриминира корисници кои ги остваруваат своите права според CCPA.

Имате право да направите корисничко барање за пристап или преносливост на податоците само два пати во рамките на едногодишен период. Корисничкото барање треба:

- да содржи доволни информации што нѝ овозможуваат разумно да потврдиме дека вие сте човекот за кого сме собирале лични податоци или сте негов овластен претставник;
- да опишува со доволно детали, за правилно да го разбереме, процениме и да одговориме.

Не можеме да одговориме на вашето барање или да ви доставиме лични податоци ако не сме во можност да го утврдиме вашиот идентитет или право да поднесете барање и да потврдиме дека личните податоци се однесуваат за вас.

**Lei Geral de Proteção de Dados No. 13.709/2018 или Закон за општа заштита на податоците (LGPD – Бразил)**

Покрај горенаведените заложби за приватност, ФЛП се обврзува да ги исполни своите одговорности поврзани со собирањето, чувањето, користењето и обработката на лични податоци во рамките на LGPD. Таквите лични податоци ќе бидат обработувани само за законски и релевантни цели. ФЛП презеде мерки дизајнирани да ја гарантираат безбедноста на личните податоци и да спречат недозволен или случаен пристап, бришење или друга злоупотреба со личните податоци. ФЛП ќе помогне за остварувањето на правата на лицата чии податоци се обработуваат, на ефективен и транспарентен начин.

LGPD дава определени права на лицата кои престојуваат во Бразил поврзани со обработката на лични податоци. ФЛП е посветена на почитување на овие права и воспостави ефективни и транспарентни политики и процедури за тоа. Правата на лицето чии податоци се обработуваат, поврзани со неговите/нејзините лични податоци, вклучуваат:

- Право на известување. ФЛП ја дава оваа Изјава за приватност која детално објаснува како се обработуваат лични податоци, вклучително субјектите со кои ФЛП може да ги сподели личните податоци на лицето.

- Право на одземање на согласноста. Лицата чии податоци се обработуваат можат да ја повлечат својата согласност во секое време и ФЛП ќе престане да ги обработува и брише нивните податоци, ФЛП може да го искористи правото да ги зачува податоците ако тоа е дозволено за законски цели и во согласност со внатрешната Политика за чување на информации, вклучително и за усогласување со нејзините законски обврски и да ги користи единствено на анонимна основа.

- Право на пристап. Лицата чии податоци се обработуваат можат да добијат од ФЛП потврда дали нивните лични податоци се обработуваат и ако е така, да им биде даден пристап до тие податоци.

- Право на корекција/поправка. Лицата чии податоци се обработуваат, можат да коригираат неточни или непотполни лични податоци.

- Право на бришење. Лицата чии податоци се обработуваат можат да побараат бришење на личните податоци во одредени околности.

- Право на ограничување на обработката. Лицата чии податоци се обработуваат можат привремено да забранат дополнителна обработка на лични податоци, додека нивната точност или обработка се оспорува.

- Право на преносливост на податоци. Лицата чии податоци се обработуваат можат да ги добијат личните податоци со цел да ги достават на друг администратор.

- Право на приговор. Лицата чии податоци се обработуваат можат во секое време и врз основа на конкретната ситуација да приговорат дека обработката на личните податоци е непотребна или прекумерна.

- Право на избегнување на автоматско индивидуално донесување на одлуки. Не може да се носат одлуки за лицата чии податоци се обработуваат единствено врз основа на автоматизирана обработка, вклучително профилирање кое има правно или слично влијание.

Ако сакате да ги искористите кое било од правата на лице чии податоци се обработуваат, или да разговарате за правата, ве молиме да нè известите преку „Контакт со нас“ во оваа Изјава за приватност. Може да побараме да го потврдите вашиот идентитет.

ФЛП е посветена да понуди одлична услуга на клиенти, да ги заштитува вашите лични податоци и приватност. Ако сте жител на Бразил и сметате дека ги одржуваме вашите лични податоци, предмет на LGPD, и имате прашања, незадоволни сте од начинот на


FOREVER LIVING PRODUCTS® INTERNATIONAL, LLC

кој ФЛП постапува со вашите податоци или како ФЛП одговорила на жалба или барање, имате право да поднесете жалба до националната служба, позната како Национална служба за заштита на податоците или ANPD.

**Ley Federal de Protección de Datos Personales en Posesión de los Particulares (LFPDPPP – Мексико)**
Покрај горенаведените обврски за приватност, лица кои живеат во Мексико, според LFPDPPP имаат право да побараат пристап до личните податоци, да ги коригираат личните податоци, да ја укинат валидноста на личните податоци, или да изјават несогласување со обработката на личните податоци („ARCO права“). Ако сакате да остварите некое ARCO право, ве молиме да нѐ известите преку „Контакт со нас“ во оваа Изјава за приватност. Може да побараме да го потврдите вашиот идентитет.

**Privacy Act No. 119 1988 (Privacy Act – Австралија)**
За австралиските корисници – ако ФЛП не одговори на барање или жалба од лице чии податоци се обработуваат во рамките на разумен период од време од добивањето на барањето или жалбата во писмена форма, или ако не сте задоволни од добиениот одговор, можете да поддете жалба во Office of the Australian Information Commissioner (“OAIC”). Детали како да се поврзете со OAIC имате на www.oaic.gov.au.

**Промени во Изјавата за приватност**
Го задржуваме правото да ја промениме оваа Изјава за приватност во секое време. Ако решиме да ја промениме, ќе ги објавиме промените во оваа Изјава за приватност, како и секаде каде сметаме дека е соодветно, за да ве информираме какви податоци собираме, како ги користиме и при какви околности можеме да ги предадеме. Ако направиме значителни промени во оваа Изјава за приватност, ќе ве известиме тука, на мејл или со соопштение на почетната страница на нашиот вебсајт. Ако не сте согласни со некоја од промените во Изјавата за приватност, можете да ја прекратите регистрацијата или да престанете да ги користите нашите услуги.

**Политика за разрешување на спорови**
Ако изберете да дадете лични податоци на ФЛП или да го користите нашиот вебсајт, или да учествувате во нашиот бизнис, вашата употреба и секој спор за приватноста што не може да се реши со преговори, е предмет на оваа Изјава за приватност и процедурите опишани во нашата Политика за разрешување на спорови, која ќе ја видите ако кликнете на линкот.

**Контакт со нас**
Ако имате какви било прашања поврзани со приватноста, загриженост или поплаки поврзани со Изјавата за приватност, можете да се поврзете со централната канцеларија на еден од следните начини:
- по мејл на адреса privacy@foreverliving.com;
- по телефон на број 001-888-440-2563 (комуникацијата е на англиски).

Можете да се поврзете и со локалната ФЛП канцеларија:

- по мејл на flp@t.mk;
- по телефон на 02 2465 846.

Овие поштенски сандачиња активно се следат и управуваат, за да можеме да ви обезбедиме услуга на која можете да ѝ верувате. Ќе одговориме на сите молби, прашања или загриженост во временскиот рок предвиден во соодветниот закон за приватност, чиј предмет е барањето. Ако не сте задоволни од нашиот одговор, можете да поднесете жалби за приватност во вашата локална служба која се грижи за заштита на личните податоци.

За барање за пренос на податоци ќе избираме формат за доставување на личните податоци кој лесно се користи и треба да ви дозволи да ја предадете информацијата од еден на друг администратор.

Посветени сме да работиме во соработка со вас за добивање на праведно решение на секоја жалба или загриженост поврзана со приватноста. Ние соработуваме со локалните служби одговорни за заштита на личните податоци доколку сметаат дека се појавил проблем со приватноста.